ZAGREBAČKI KULTURNI MOZAIK
U SKOPJU

# KOSTA ANGELI RADOVANI

○

# ZLATKO PRICA

1591

ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ
ИЗЛОЖБЕН САЛОН

БИБЛИОТЕКА:
Крсте Црвенковски

CuST Универзитетски центар за уметности
ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

# КОСТА АНЃЕЛИ РАДОВАНИ

(СКУЛПТУРИ)

# ЗЛАТКО ПРИЦА

(СЛИКИ)

СКОПЈЕ, МОША ПИЈАДЕ 1
13. X – 28. X 1980.

# GALERIJA FORUM

## CENTRA ZA KULTURU I INFORMACIJE ZAGREBA

K Angeli Radovani

# GALERIJA FORUM

## CENTRA ZA KULTURU I INFORMACIJE ZAGREBA



# КОСТА АНЃЕЛИ РАДОВАНИ

**КОСТА АНГЕЛИ РАДОВАНИ. Роден во Лондон 1916. Студира од 1934 до 1938 на Академијата за ликовни уметности „Брера" во Милано, специјалка за вајарство и специјалка за графика на Академијата за ликовни уметности во Загреб. Излага од 1940 во земјата и иностранство. Прва самостојна изложба 1952 а триесетиосма во Пиран 1980. Учествува на бројни групни изложби, прдесет пати на репрезентативни изложби на современата југословенска уметност по светот. Подигна споменици во Дрежница, Куманово, Шибеник и Травник. Сега работи на централниот споменик во меморијалот Дотршќина, Загреб.**
**Загребската Модерна Галерија 1973 година му приреди моиографска, ретроспективна изложба на неговата работа, за која примил бројни награди. Во штампа: Владимир Малековиќ монографија кар. (1939–1979), во издание на Модерната галерија и Графичкиот Завод на Хрватска, Загреб.**

**Ателје: Назорова бр. 50**
**41000 Загреб, ЈУ**
**тел. 274059**

Коста Анлели Радовани е скулптор кој непрекинато „Гледа" човек и неговиот лик во актуелна ситуација. Радовановите снажни и рустични фигури се конструирани со помош на недотерани, коноидни, сферични и цилиндрични, сечени или закривени облици, оставајќи впечаток на своевидни архитектонски склоп. Присатно е нешто од природата и духот на модерната градба, нешто од постапката на монтажа на една сложена целина, со помош на автономно обликувани делови. Во нивната пластичност созреваат ангажирани човечки пораки.

БОРИС ВИЖИНТИН

А не може да биде случајно да со неспоредливо најголемо внимание опусот е поврзан со мотив на женско тело. Телото е жена, не само по Нерудините зборови, најмногу „на светот слично" и во него подлабоко одекнува билото на творење, можеби е Адам навистина прв и постар, но нашата врска со работите на земјата, непрекинати од ланецот на породилката, непосредно произлегува од Ева. Во тражење на архетипско вајарот Радовани морал да се запре на најпотполниот од сите знакови.

ТОНКО МАРОЕВИЌ

... тој беше предодреден да во времето на обнова на модерноста, во почетокот на педесетите години, изврши работа на „тиха вода": да човечкото тело и скукптурата воопшто ја ослободи од театрални гестови и костими, да чудото на јунаштвото го замени за чудо на обичноста.

ИГОР ЗИДИЌ

Многу вајари во досегашното траење на скулптурата пробале на различни начини да се ослободат од тежина и, во ирвесно замавнување на формата, се излажале. Радовани не работи така. Тој ги признава сите својства на својот противник и на крај памет не му е да од него бега. Постои во него, се чини, верување дека најмал покрет или издигната маса можеби значи и најсилно да се почувствува што таа, па според тоа и човекот во својата физичност е. Така би можело да се каже дека тој учи мудрост на самиот извор, не во неговите варијации, туку во самата негова срж.

ДАНИЈЕЛ ДРАГОЈЕВИЌ

Во однос на траднцијата на деградације на портретот во целокупната послевојна хрватска пластика Коста Анѓели Радовани е тип полунејзин вајар: хоминизација на скулптурата е оружје на неговиот отпор.

ВЛАДИМИР МАЛЕКОВИЌ

Овие предмети од еден повисок тип носат печат како да се во нашиот живот животен амбијент, во пејсажот на работите каде се повеќе и се по драматично се одвива битката за власт и за подаништво, се воведува племенит сојузник на човечкиот симбол. Он е во формацијата која вајарот му ја дава, со коректура на уметниковиот стил, во состојба да го соедини, во ненарушена равнотежа, свежина на предметите и појавата на работите меѓу предметите и ненаметливо, готово наивно и весело сеќавање на искуство од човек на човек, а што на поинаков начин може да се нарече и негова историја.

БОЖИДАР ГАГРО

*БОРИС ВИЖИНТИН, предговор на каталогот во Тунис, галеријата „Јаниа", III. 1972.*
*ТОНКО МАРОЕВИЌ, „Телеграм", 29. VIII. 1969.*
*ИГОР ЗИДИЌ, „Старт", бр. 126, 21. XI. 1973.*
*ДАНИЕЛ ДРАГОЈЕВИЌ, „Телеграм", „Спектар", 28. XI. 1969.*
*ВЛАДИМИР МАЛЕКОВИЌ, предговор на каталогот „Галерија Форум", XI. 1978.*
*„ЖИВОТ УМЕТНОСТИ", бр. 1, 1966.*

**ПОПИС НА ИЗЛОЖЕНИТЕ РАБОТИ:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. Жена на коцка IV** | **1969** | **бронза** | **48,5 см** |
| **2. Девојка со кецела** | **1970** | **бронза-дрво** | **48,6 см** |
| **3. Жена на коцке V** | **1972** | **бронза-дрво** | **45,0 см** |
| **4. Девојка на колена** | **1972** | **бронза** | **42,0 см** |
| **5. Жена во чевли** | **1973** | **бронза-дрво** | **56,0 см** |
| **6. Жена поред коцка** | **1973** | **бронза** | **29,0 см** |
| **7. Дуња XIV** | **1975** | **бронза** | **68,0 см** |
| **8. Портрет на Звонимир Пучар** | **1976** | **бронза** | **32,0 см** |
| **9. Портрет на Зденка Колациа** | **1976** | **бронза** | **30,8 см** |
| **10. Девојка со дигната десница** | **1979** | **бронза-дрво** | **52,3 см** |
| **11. Девојка на клупа** | **1980** | **бронза** | **48,2 см** |
| **12. Жена со маска** | **1980** | **бронза** | |



ЖЕНА СО МАСКА, бронза (1980)



ДЕВОЈКА НА КОЛЕНА (1972)



ЖЕНА НА КОЦКА V (1972)



ДУЊА XIV (1975)



ПОРТРЕТ НА ЗДЕНКА КОЛАЦИА (1976)

# GALERIJA FORUM

## CENTRA ZA KULTURU I INFORMACIJE ZAGREBA

Prica

# GALERIJA FORUM

## CENTRA ZA KULTURU I INFORMACIJE ZAGREBA



# ЗЛАТКО ПРИЦА

**ЗЛАТКО ПРИЦА**, сликар и графичар, роден е во Печух, Мацарска, 1916 година. Академија за ликовни уметности дипломира 1940. во Загреб (О. Мујациќ, Љ. Бабиќ). Својата прва самостојна изложба ја отвара уште во 1941. во Уметничкиот павиљон во Загреб. 1943. заминува во Париз каде продолжува со уметничката работа. Во тек на НОБ издава мапа со линорези „Графика" (Топуско 1944.) а заедно со Е. Муртиќ ја илустрира „Јама" од И. Горан Ковачиќ (Топуско 1944.).

Ропството во логорот во Копривница 1941. го евоцира во мапата „Луѓе од логорот Даница" (1947.).

1955. ги работи паноите „Славонско оро" и „Рибари" за јахтата на етиопскиот цар, а 1961. скица за паното „Создавање на нова Југославија" за зградата на Сојузниот извршен совет.

1970. во Милано му е издадена голема мапа на бакрописи, во која се зстапени дела од периодот 1952–1969. Во истата печатница и Монографија 1975.

Делата му се наоѓаат во музеите и збирки во Југославија и иностранство (Италија, Германија, Франција, САД, Индија, Бразил, Англија, Австрија, Холандија, Шзајцарија, ЧССР, Мацарска, Белгија и тн.).

Живее и работи во Загреб, Мартиќева 14 Е–V.

За овој уметник се е свемир во кој се расте, цветање и одумирање во единство. Природата и човекот сеуште ги гледа во идеална рамнотежа. На тој начин престанува покретот и настанува тишина. Тоа доведува до поедноставување на формата, која не потсетува на средновековна фреска. Статичка динамика е она што е обележје на неговата голема композиција.

ГИНТЕР ВЕРТ

Прицината сирова и „антисликарска" гама ги рануваше очите и оценета е како вулгарна. Но таа привидна Прицина слабост се претвори во негова сила. Водејќи борба против еден вкус и навика тој сликар и наметна на публиката една нова сензибилност.

ЈОСИП ДЕПОЛО

Сликарството на Прица се одликува со динамична постапка. Вешто модулираната основа боја што е поставена во широки површини, само ретко е прекината со некој тон. Но затоа уз хроматската основа следува вториот творечки чин на сликарот, што се состои во извлекување на брзи, сигурни и итри потези со подебела четка, која е обично натопена во црна боја. Всашност овие потези ја прават сликата: ги одредуваат бочните површини, ја предаваат формата и ги изведуваат споредните облици. Целиот овој процес се одвива со посредство на бујна имагинација и со одмерено чувство за композиција и за склоп на облиците и боите.

ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ

Се чини дека токму Прициното дело, зафатено во тоталност со самосвесна личност која упорно и доследно гради специфичен израз, досега подвргнувано во своите фрагменти на поедини циклуси, па дури и на поедини делови, многу различни оцени и судови во еден оваков момент во кој се прикажува на едно место и во континуираната визуелна презентација наменето на основното, а тоа е непосреден и непрекинат дијалог кој тражи и може да се воспостави преку индивидуални смислени и спознајни процеси на секој учесник.

ДАРКО ШНАЈДЕР

Прициниот „Истарски Циклус" е контемплација на форма изразена со брилијантна техника на сликање, со полна сигурност, концентрација и бриткост.
Динамичките односи во просторот не се донесени само нарватура на линијата туку и равните површини со боја, широко нанесени, носат во себе напнатост, моќни ритмови на светлосната еманација. Кога говориме за „Истарскиот Циклус" можеме да го користиме зборот: сцежина. Овој полет е заправо обесен земајќи ја во предвид величината на опусот кој е достоен сам за себе. Но Прица очигледно не сака да нестане во својата сопствена традиција; тој се впушта во игра која не заситува, која донесува откритија.

ВЛАДИМИР МАЛЕКОВИЌ

Затоа кај Прица треба да се пофали таа постојаност во излагањето која открива сигурно освојување на еден стил во кој се среќаваат и еквилибрираат нордиска виталност и медитеранска јасност, секогаш во рамките на сведочанство на некое постојана состојба на тескобност која ја карактеризира нашата епоха, состојба сублимирана со креативно творештво.

ГВАЛТИЕРО ДА ВИА

Прица не робува истотака ни на конвенциите во однос на улогата на бојата. Она што со години го наречувавме европска мерка и чувство за рамнотежа на бојата, овде е срушено до темел. И пркрај тоа што сликите на Прица на крајот сепак делуваат декоративно како целосна површина, тие се во својата рационална градба антидекоративни. Има некој необичен пркос во Прициното сликарство како, веројатно и во Прица човекот. Но, се чини дека и тој пркос е логичен, бидејќи е дел на една внатрешна претензија на тој сликарски ракопис за сеопфатност. Во него е, наиме, вградена онаа веќе денеска ретко тежнеење – да се и со самата уметност менува светот.

ЗРНКА НОВАК

Прицината изложба прикажува импресивна панорама на облици, ритам и светлост во кој е изразит светот врзан со антички корени и полно снага и поезија, во восхитена музика на бои и медитерански графички гестови.

МЕСАЦЕРО ВЕНЕТО

Прица делува непосредно со сликарската перцепција, значи, подалеку од сравнување со визуелно и со самото аналогијско паметење, да може така да собере она, што е од другата страна на појавноста, она што исплоувува опрезно со зналачки имагинарни филтри.

Сликарството успева со него да се претстави во јазичен облик на узорна современост во сокриената стварност, која има одјек во митските велелепности и неиспитани скапоцености, а пред се, тој развива во сликата пренесена со внатрешна свест, крајен смисол на искуството, негова несмалена истина.

ТОНИ ТАНИАТО


*ГИНТЕР ВЕРТ, предговор на изложбата, Штутгард 1959.*
*ЈОСИП ДЕПОЛО, „Вјесник”, 2. III. 1961.*
*ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ, „Нова Македонија”, 2. X. 1966.*
*ДАРКО ШНАЈДЕР, „Човек и простор”, Ноемри 1970.*
*ВЛАДИМИР МАЛЕКОВИЌ, „Вјесник”, 12. V 1974.*
*ГВАЛТИЕРО ДА ВИА, „Лосерваторе Романо”, 31. VII. 1978.*
*ЗРНКА НОВАК, „Вечерњи лист”, 23. III. 1978.*
*МЕСАЦЕРО ВЕНЕТО, 25. IV. 1980.*
*ТОНИ ТАНИАТО, Венеција 1980, предговор за каталогот на Галеријата „Ил Канале”*


**ПОПИС НА ИЗЛОЖЕНИТЕ ЕКСПОНАТИ:**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вечер во јули | 1977 | масло-платно | 130/162 |
| 2. | Луѓе со школки (диптих) | 1977 | мсслo-платно | 97/194 |
| 3. | Луѓе со мачка | 1980 | масло-пратно | 130/195 |
| 4. | Кроносов брод | 1979 | уље-платно | 81/100 |
| 5. | Син огртач | 1977 | уље-платно | 100/81 |
| 6. | Црвена олупина | 1979 | масло-платно | 82/73 |
| 7. | Човек со школки | 1977 | масло-платно | 73/92 |
| 8. | Мај во ст. Марини | 1977 | масло-платно | 100/81 |
| 9. | Островљанка | 1980 | масло-платно | 73/92 |
| 10. | Зелен чамец | 1980 | масло-платно | 97/130 |
| 11. | Ружичаста олупина | 1980 | масло-платно | 130/97 |
| 12. | Сквер во Ст. Марини | 1980 | масло-платно | 130/97 |
| 13. | Црвена палуба | 1980 | масло-платно | 92/73 |
| 14. | На палуба | 1980 | масло-платно | 73/60 |
| 15. | Сирена | 1980 | масло-платно | 130/92 |
| 16. | Школкари | 1977 | масло-платно | 130/100 |
| 17. | Осамен човек | 1974 | масло-платно | 97/130 |



**ЛУЃЕ ОД ОСТРОВ**, масло/платно (1978)



ОСАМЕН ЧОВЕК (1974)



ЗЕЛЕН КРАЈБЕТ (1976)




СИН ОГРТАЧ (1977)



СРЕДБА НА ЗЕЛЕНО (1977)

Izdavač: GALERIJA FORUM CENTRA ZA KULTURU I INFORMACIJE ZAGREB, TESLINA 16, tel. 445–693
Za izdavača: DUŠKO PAVLOVIĆ
Urednik kataloga: VIŠNJA KNEZOCI-DABAC
Prijevod na makdeonski jezik: SLAVICA EFREMOVA
Grafički urednik kataloga: FEDOR LIČINA
Tisak: SVEUČILIŠNA NAKLADA LIBER – ZAGREB
Naklada: 400 komada